Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302-139/1
26.05 2025 год.
СКОПЈЕ

**<u>До: Општина Крива Паланка</u>**

**БАРАЊЕ**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: **Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Герман Филков, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следниве информации од јавен карактер:

1. Дали вашата општина досега има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и од 1100 литри од Министерството за животна средина и просторно планирање за примарна селекција на отпад од пакување?

2. Доколку има примено, наведете го поединечниот број на добиени канти и контејнери, и тоа:

- сина канта од 120 литри
- жолта канта од 120 литри
- син контејнер од 1100 литри
- жолт контејнер од 1100 литри

3. Дали вашата општина има склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување?

4. Доколку имате склучено договор, доставете ни ги информациите за тоа кога е склучен секој поединечен договор, со кого и до кога трае?

5. Дали во вашата општина постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
**- г) електронски запис**
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
**- г) е-маил**
- д) друго-------------------------------------------------------------------------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место:
28.05.2025

Потпис:

Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации ЦГК СКОПЈЕ

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), член 8 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/20), член 88 став 2 и став 3 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/15) решавајќи по барање наш бр. 18-3162/1, 29.05.2025г. од Центар за граѓански Комуникации, барател Герман Филков, ул.Кочо Рацин 26-1/2 , 1000 Скопје, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

Со ова решение се дава **ПОЗИТИВЕН ОДГОВОР**, се уважува барањето бр. 18-3162/1, 29.05.2025г. од Центар за граѓански Комуникации, барател Герман Филков, ул.Кочо Рацин 26-1/2 , 1000 Скопје .

Бараните информации му се доставуваат на барателот како прилог бр. 18-3162/3, 23.06.2025г. кон ова решение.

## ***О б р а з л о ж е н и е***

Барателот Центар за граѓански Комуникации, барател Герман Филков, ул.Кочо Рацин 26-1/2 , 1000 Скопје достави барање по електронска пошта на ден 28.05.2025г. бр.0302-139/1,28.05.2025г. за пристап до информации од јавен карактер, наш број 18-3162, 29.05.2025г. согласно член 4 и 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019),.

Со барањето број 18-3162/1, 29.05.2025г. барателот бара повеќе информации од јавен карактер и тоа: **Прилог - барање број 18-3162, 29.05.2025г**.

Информациите што се бараат од страна на барателот се информации од јавен карактер Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), и ажурираната листата на информации од јавен карактер на Општина Крива Паланка.

**Доставувањето на бараните информации се врши со акт бр. 24-3162/3 од 23.06.2025 г. на одделението за инспекциски надзор.**

Врз основа на горе наведеното а во согласност со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот

на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/ 2019).

**Изготвил:**
**Службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер, Лидија Митовска**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

www.krivapalanka.gov.mk

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Арх.бр, број 24 – 3162 /3
од 23.06.2025 година

**До**
**Службено лице за посредување**
**со информации од јавен карактер**
***Општина Крива Паланка***

**Предмет** : Достава на информации
**Врска: Барање** со арх. бр. 183162/2 од 02.06.2025 година

***Почитувани,***

До Одделението за инспекциски надзор е доставено Ваше Барање заведено со арх. бр. 18-3162/2 од 02.06.2025 година ,а по основ на Барање арх. бр. 18 - 3162/1 од 29.05.2025 година под несено од страна на Здружение на Центар за граѓански комуникации , бул. Кочо Рацин 261/2 Скопје со кои се бараат одредени информации кои ви ги доставуваме како такви и тоа :

1. Општина Крива Паланка има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и од 1100 литри од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање за примарна селекција на отпад.

2. Бројот на добиени садови за отпад од МЖСПП е следниот :

120 сини канти од 120 литри
120 жолти канти од 120 литри
се вкупно : 240 канти од 120 литри

29 сини контејнери од 1100 литри
29 жолти контејнери од 1100 литри
се вкупно : 58 контејнери од 1100 литри

3. Општина Крива Паланка има склучено договори со седум постапувачи за разновиден вид на отпад ( стакло, батерии, електронски отпад, електричен отпад, текстил, отпадни возила ,отпадно масло, меѓутоа за отпад од пакувања и хартија нема склучено договор.

4. Нема договор

5. Во нашата општина во нај голем дел постои делумно функционално селектирање и управување со посебни текови со отпад кои се дел од системот на проширена одговорност. ( Од почетокот на 2025 година започнавме со селекција на текстилен отпад, и отпадни возила , во преговори сме со компании за отпадни гуми ).

*Одделение за инспекциски надзор*
Изготвил: Ви инспектор Велиновски Бранко

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ КОМУНАЛЕЦ ц.о. КРИВА ПАЛАНКА

| Примено: | 14.09.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 742/1 | | |

Друштво за управување со отпадна електрична и електронска опрема ЕКОН ЕЛЕКТРОН ДОО

Бр. 181-0307

14.09.2022 год.

СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Бр. 08-3540/1

12.09.2022 год.

КРИВА ПАЛАНКА

# ДОГОВОР

## ЗА СОРАБОТКА И ПОДРШКА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Склучен на 01.09 .2022 год. помеѓу следните договорни страни:

1. Друштво за управување со отпадна електрична и електронска опрема ЕКОН ЕЛЕКТРОН ДОО Скопје, ул. Јустинијан Први бр. 41 – Скопје, ЕМБС 7003404, ЕДБ 4058014520492, електронско сандаче: info@ekonelektron.mk и ekonelektron@gmail.com застапувано од управителот Панче Анѓелов од Скопје, од една страна како колективен постапувач и
2. Општина Крива Паланка, ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175, ЕМБС 5992958, електронско сандаче: opkp@krivapalanka.gov.mk застапувано од градоначалник Сашко Митовски, од друга страна.

2. ЈП Комуналец , ул. Илинденска, бр.17 ЕМБС 4027035, електронско сандаче:jpkomunaleckp@yahoo.com, застапувано од управител Миле Марковски од Крива Паланка, од третата страна.

Термините кои се употребуваат во овој договор согласно законската регулатива го имаат следното значење:

**КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ** согласно член 5, став 1, точка 2 од **Законот за проширена одговорност на производителот** е правно лице, основано од најмалку два производители, кое поседува дозвола за колективен постапувач за управување со посебен тек на отпад издадена од стручниот орган согласно со одредбите од овој закон, како и прописот, кој го уредува управувањето со тој тек на отпад и кое во име на производителите, кои се членови или основачи на колективниот постапувач за определен надоместок, ги презема нивните обврски за проширена одговорност, кои се однесуваат на управување со посебни текови на отпад. Колективниот постапувач во своето работење при управувањето со посебните текови на отпад ги применува одредбите од овој закон, како и одредбите од прописите за управување со отпад и прописите за посебните текови на отпад.

**ДОГОВОРЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ** согласно член 5, став 1 точка 6 од **Законот за проширена одговорност на производителот** е производител кој има договор со колективен постапувач, кој во негово име и за негова сметка, ги презема и спроведува обврските за проширена одговорност, кои се однесуваат на управување со посебните текови на отпад. Договорниот производител не е целосно ослободен од спроведување на обврските за проширена одговорност согласно Законот за проширена одговорност и прописите за посебните текови на отпад.

**ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ** согласно член 5, став 1, точка 1 од Законот за проширена одговорност е збир на правила и постапки за производителите, кои со вршење на својата дејност или активност пласираат одделни производи на пазарот, со чија употреба се создава отпад што припаѓа на посебните текови на отпад и со тоа дополнително ја оптоваруваат животната средина, поради што имаат обврска да финансираат и презмаат дополнителни мерки на грижа за производите го завршувањето на фазата на консумирање, како и мерки на управување, кои особено се однесуваат на воспоставување и организирање на систем за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад создаден од неговите производи.

**„ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА"** согласно членот 7, став 1, точка 1 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Службен Весник на РСМ Бр. 176/21) е опрема чијашто правилна работа зависи од електрична струја или електромагнетни полиња, како и опрема што е наменета за производство, пренос и мерење на тие струи и полиња, класифицирани во една од категориите од членот 5 став (1) од овој закон и е наменета за употреба под напон кој не надминува 1.000 волти за наизменична струја и 1.500 волти за еднонасочна струја.

**„ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА"** согласно членот 7, став 1, точка 2 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Службен Весник на РСМ Бр. 176/21) е отпад од електрична и електронска опрема во согласност со прописите за управување со отпадот вклучувајќи ги сите составни делови, потсклопови и потрошни делови и материјали кои се дел од производот во моментот на исфрлање.

**ДОГОВОРЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ/ПРОИЗВОДИТЕЛ** согласно членот 5, став 1, точка 6, од Законот за проширена одговорност на производителот е правно или физичко лице кое пакува стоки или полни стоки во пакувања, како и произведува или пушта во слободен промет стоки спакувани во пакувања, како своја дејност, вклучувајќи го и производителот кој како краен корисник пушта во слободен промет спакувана стока.

**УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН ТЕК НА ОТПАД** согласно членот 5, став 1, точка 12 од Законот за проширена одговорност на производителот ја опфаќа дејноста на колективнист постапувач, што вклучува збир на активности на водење на евиденција за количините на производите, што се пуштаат на пазарот и на отпадот што се создава од нивната употреба, за кој е одговорен, како и организација на операции за собирање, транспортирање, складирање, повторна употреба, преработка, рециклирање и отстранување на посебен тек на отпад, вклучувајќи ја и обврската за грижа, дека овие операции се спроведуваат согласно со прописите од областа на управување со отпадот, вклучително и спроведување на активности за информирање и подигнување на јавната свест за постапување со посебниот тек на отпад.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Договорните страни се согласни да секој во рамките на своите права и обврски утврдени во законските одредби да заеднички се организираат и преземат активности за имплементација и воспоставување на интегрален одржлив систем на управување за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема на територијата на општина Крива Паланка

### Член 2

Овој Договор се склучува согласно одредбите од член 20 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад како и во согласност со Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

### Член 3

Општина Крива Паланка може да ги остварува обврските на проширена одговорност со склучување на договор со повеќе колективни постапувач, со цел за воспоставување на организиран интегрален и одржлив систем на управување со посебните текови на отпад од пакување и електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори.

## ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Предмет на овој Договор е регулирање на правата и обврските на договорните страни согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад и Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Службен Весник на РСМ Бр. 176/21).

Исто така предмет на овој договор е регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни, во врска со давање на користење на садовите за електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, начинот на редовно преземање на отпадот од електрична и електронска опрема, начинот на информирање на јавноста за собирните центри и други локации за преземање на отпадна електрична и електронска опрема, и други прашања од заеднички интерес.

### Член 5

Согласно Член 11 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, колективниот постапувач има обврска да дава поддршка и остварува соработка со Општината/Градот Скопје/Општината во Градот Скопје и регионалните системи за управување со отпад заради собирање, повторна

употреба преработка и рециклирање на посебниот тек на отпад, а во насока на остварувања на националните цели согласно членот 13 од овој закон.

Колективниот постапувач е должен, да дава поддршка и соработува со општините, Градот Скопје, општините во градот Скопје и регионалните системи за управување со отпад заради преземање на заеднички мерки и активности кои имаат за цел поттикнување на одделно собирање на отпадна електрична и електронска опрема, како и да воспоставаат собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадната опрема заради повторна употреба, преработка и рециклирање.

## Член 6

При исполнувањето на своите договорни обврски, договорните страни ќе се водат од националните целите за управување со отпад утврдени со Законот за проширена одговорност на производителот.

Општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје заради обезбедување учество во остварувањето на националните цели како и на сите правни и физички лица кои вршат дејност на собирање, транспортирање и складирање на отпадна опрема а коишто се дел од системот за проширена одговорност на колективен, односно самостоен постапувач, воспоставен заради остварување на националните цели.

## Член 7

Сите страни се обрзуваат да учествуваат во кампањи за подигање на јавна свест во врска со целите и придобивките од собирањето и селекцијата на отпадот од електрична и електронска опрема и правилното постапување со истиот, односно неговата преработка и рециклирање.

# ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОЛЕКТИВНИОТ ПОСТАПУВАЧ

## Член 8

Екон Електрон ДСО Скопје се обврзува на ЈП Комуналец од Крива Паланка да им даде на користење на неопределено време садови за собирање на отпад од електрична и електронска опрема по тип, количина и динамика како што е наведено во табелата.

| година | Метален брендиран контејнер од 80cmX80cmX180cm за собирање на мала отпадна електрична и електронска опрема (парчиња) |
|---|---|
| 2022 | 2 |
| 2023 | 2 |
| 2024 | 2 |
| 2025 | 2 |

| година | Собирно место (мало) со површина од 9 м2, со подлога, оградено со метални решетки или лим, со кровна конструкција |
|---|---|
| 2022 | 1 |

## Член 9

Екон Електрон ДОО Скопје може да испорача и дополнителни садови за отпад, освен оние наведени во табела, доколку постојат услови за тоа и доколку се согласат сите договорни страни.

Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец од Крива Паланка се обврзуваат да водат грижа односно домаќински да се грижат за садовите за отпад дадени на користење од страна на Екон Електрон ДОО Скопје.

## Член 10

Колективниот постапувач е должен преземањето и транспортирањето на собраната отпадна елктрична и електронска опрема од собирните центри или друга инфраструктура во општина крива Паланка да го довери само на правно лице кое има важечка дозвола за транспорт на отпадна електрична и електронска опрема издадена согласно прописите за управување со отпад согласно. Член 29 став 1 ЗПОП.

## Член 11

Колективниот постапувач може да учествува со целосно или делумно финансирање на собирниот центар односно инфраструктурата, како и да соработува со друг колективен постапувач, како и да соработува со давателот на услуга кој согласно Законот за управување со отпадот е овластен за давање на јавна услуга за собирање на отпад од домаќинствата на подрачјето на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје, или на подрачјето на одделен регион согласно член 42 став 3 ЗПОП

## Член 12

Преземените обврски колективниот постапувач ги доверува на трети физички и правни лица кои имаат соодветни дозволи за постапување со отпадна опрема издадени од надлежни државни органи.

## Член 13

Колективниот постапувач е должен да и овозможи на Општина Крива Паланка целосен увид во својата документација како и исполнувањето на обврските кои се однесуваат на управувањето со отпадната опрема и обратно.

## Член 14

Колективниот постапувач заедно со Општина Крива Паланка се должени да ја информираат јавноста и крајните корисници за:

- забраната за оставање на отпадната опрема како несортиран комунален отпад и за обврската за одделно собирање на отпадната опрема;
- воспоставените системи на преземање и собирање на отпадната опрема кои им се на располагање;
- начинот на нивното придонесување за повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка;
- можните негативни влијанија и последици врз здравјето на луѓето и животната средина како резултат на присуството на опасни супстанции во опремата, како и
- други законски обврски за информирање.

## Член 15

Колективниот постапувач за отпадна електрична и елелктронска опрема е должен да преземе мерки и активности за поддршка на единиците за локална самоуправа за воспоставување на собирни центри, собирни места и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадна електрична и електронска опрема на места каде што крајните корисници можат бесплатно да ја остават истата.

Во исполнување на обврската, колективниот постапувач може да учествува со целосно или делумно финансирање на собирниот центар односно инфраструктурата, како и да соработува со друг колективен постапувач, како и да соработува со давателот на услуга кој согласно со Закон за управување со отпадот е овластено за давање на јавна услуга за собирање на отпад од домаќинствата на подрачјето на општината

Местата каде ќе бидат поставени собирните центри, собирните места и другата инфраструктура, целите кои треба да се постигнат и тоа, најмалку во однос на количината на собрани отпадни производи, а кога е можно и цели за преработка и рециклирање, начинот на евидентирање на количините и известување, како и утврдување на меѓусебните обврски за исполнување на целите ќе бидат определени од посебна работна група составена од претставници на единицата на локалната самоуправа, колективните постапувачи и јавното комунално претпријатие. Сето ова е со цел подетално инкорпорирање на сите колективни постапувачи во заеднички систем на локалната самоуправа и комуналните и останатите претпријатија вклучени во оваа проблематика.

# ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

## Член 16

Општината Крива Паланка нема да склучи јавна набавка со производител без истиот да достави потврда за исполнување на проширената одговорност за управување со отпадна електрична и електронска опрема и докаже дека, најмалку за претходната година, ги спровел во целост обврските за проширена одговорност согласно член 18 став (11) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со

посебните текови на отпад, како и прописите за управување со посебните текови на отпад.

## Член 17

Садовите за отпад, наведени во табела во член 2 од овој договор, треба да се поставаат на места определени од страна на ЈП Комуналец -Крива Паланка, а во согласност со Решението за определување на собирни места за поставување на садови за собирање и селектирање на отпад донесено од Градоначалникот на општина Крива Паланка.

## Член 18

Празнење и транспортирање на отпадот од пакување ќе го врши ,ЈП Комуналец - Крива Паланка, како овластен субјект за собирање и транспортирање на отпадот на подрачјето на општина Крива Паланка или друг овластен субјект од страна на колективниот постапувач.

Динамиката на собирање и транспортирање ја определуваат субјектите кои ќе ја обавуваат оваа работа зависно од потребите.

## Член 19

Општина Крива Паланка и ЈП Комуналец-Крива Паланка, ќе направат напори да обезбедат собирање на минимални количини на отпад од отпадна електрична и електронска опрема од територијата на општина Крива Паланка

## Член 20

ЈП Комуналец од Крива Паланка се обврзува количините на собран и транспортиран отпад од садовите наведени во член 8 од овој да ги евидентира поделно во транспортен формулар во управувачкиот систем со отпад од електрична и електронска опрема на Екон Електрон ДОО Скопје.

## Член 21

Во случај на потпишување на договори и со други колективни постапувачи од отпад од пакување, ЈП Комуналец од Крива Паланка се задолжува да води евиденција за собраниот отпад од пакување, за секој колективен постапувач подделно. Следствено собраните количини на отпад од пакување, кои се собрани од одстапените садови на општина Крива Паланка и ЈП Комуналец од Крива Паланка на секој од колективните постапувачи поодделно, се евидентираат аналогно во соодветниот управувачки систем на секој од колективните постапувачи поодделно.

# ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Член 22

Во случај да ЈП Комунапец не е во можност да врши сервисирање на специјализираните контејнери за собирање на отпад од пакување, од било која

причина, се обврзува за тоа веднаш да го извести Екон Електрон ДОО Скопје.

Пакомак ДОО се обврзува, на своја сметка, за горе наведениот период, да обезбеди соодветна сервисна опрема неопходна за нормално функционирање на воспоставениот систем за садовите кои Екон Електрон ДОО Скопје ги одстапил на општина Крива Паланка и ЈП Комуналец , се до повторно превземање на сервисната услуга на истиот од страна на Јавното претпријатие од општината.

## Член 23

Екон Електрон ДОО Скопје има право доколку смета дека не се исполнети обврските од член 6 од договорот или доколку констатира дека не се води доволно грижа за одстапените садови за отпад, да ги извести за тоа писмено другите страни во договорот со цел за превземање на соодветни дејствија.

## Член 24

Договорните страни се обрзуваат преку своите службени страници да ја информираат јавноста за собирните центри односно микролокациите опремени со наменска опрема за одлагање и собирање на отпад од пакување.

## Член 25

Општината Крива Паланка треба да воспостави и му овозможи на колективниот постапувач, преземање и транспортирање на собраната отпадна опрема од собирните центри или друга инфраструктура во општината.

## Член 26

Градоначалникот на Општината Крива Паланка е одговорен и должен да преземе мерки и активности со цел исполнување на националните цели сразмерно на удепот на количината и видот на отпад што се создава од подрачјето на Општината, согласно член 29 став (1) ЗПОП.

## Член 27

Општина крива Паланка е должен/а да ги остварува целите за имплементирање на проширена одговорност за управување со отпадна електрична и електронска опрема поради потребата од исполнување на националните цели за собирање, преработка и рециклирање на отпадна опрема.

## Член 28

Градоначалникот на општината Крива Паланка, е одговорен и должен да преземе мерки и активности за воспоставување на собирни центри, собирни места и друга инфраструктура за отпадна електрична и елеткронска опрема.

Градоначалникот на општината Крива Паланка, е должен да учествува во

исполнување на националните цели преку доставување на транспортни формулари согласно законот, сразмерно на уделот на количината и видот на отпад што се создава од подрачјето Градот и на општината.

Местата каде ќе бидат поставени собирните центри, собирните места и другата инфраструктура, целите кои треба да се постигнат и тоа, најмалку во однос на количината на собрани отпадни производи, а кога е можно и цели за преработка и рециклирање, начинот на евидентирање на количините и известување, како и утврдување на меѓусебните обврски за исполнување на целите ќе бидат определени од посебна работна група составена од претставници на единицата на локалната самоуправ, колективните постапувачи и јавното комунално претпријатие. Сето ова е со цел подетално инкорпорирање на сите колективни постапувачи во заеднички систем на локалната самоуправа и комуналните и останатите претпријатија вклучени во оваа проблематика.

Градоначалникот може да побара два или повеќе колективни постапувачи да соработуваат и заеднички да спроведат активности или да воспостават собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на посебни текови на отпад, како и заеднички да ги утврдат целите кои треба да се постигнат во однос на количините на собрана отпадна електрична и електронска опреема односно количините на преработена или рециклирана отпадна опрема.

Собраната количина на отпадна опрема од заедничките собирни центри, односно инфраструктура се распоредува и евидентира согласно со уделот на пазар за секој колективен постапувач во тековната година.

## Член 29

Општина крива Паланка е должен/а редовно да ја следи работата на Јавното Комунално Претпријатие задолжено за управување со било кој тек на отпад во поглед на исполнувањето на неговите оберски со управувањето со отпадната опрема согласно законските прописи заедно со Колективниот постапувач.

Општината Крива Паланка е должен/а редовно да ја одржува и контролира функционалноста на урбаната опрема поставена во собирните центри, собирните места и другата инфраструктура поставена за остварување на целите на воспоставување на интегрален и одржлив систем на управување со електричен и електронски отпад.

## ОББРСКА ЗА ЧУВАЊЕ ДЕЛОВНА ТАЈНА

## Член 30

Градоначалникот на Општина Крива Паланка , е должен договорот да го направи достапен до јавноста преку објавување на истиот на веб-страницата на градот/општината.

Колективниот постапувач е должен договорот да го направи достапен до јавноста преку објавување на истиот на веб-страницата на колективниот постапувач.

## Член 31

Договорните страни се согласни информациите и податоците кои ги обезбедиле или до кои дошле при реализацијата на овој Договор, месечните и годишни извештаи, податоците добиени со ревизијата и сите други информации и податоци при исполнувањето на меѓусебните права и обврски, во рамки на правата и обврските дефинирани со законите на кои се заснова овој Договор да бидат достапни меѓусебно.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

## Член 32

Овој Договор се склучува со времетраење до 31.12.2025 година, со можност за продолжување за што е доволна писмена потврда од страните во договорот.

## Член 33

Во случај кога една од договорните страни не е задоволна од соработката може на другата страна да и достави писмено известување со објаснување за забелешките на работата при што ќе бара исправка на неправилностите во разумен рок.

## Член 34

Во секој случај на раскинување на овој Договор, сите страни се должени да ги подмират своите настанати финансиски обврски до денот на раскинувањето на овој Договор.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Член 35

Промени на овој Договор може да се прават само со анекс потпишан и заверен од двете договорни страни.

Обврската за спроведување на овој договор може да се спроведе и со потпишување на трипартитен договор со јавните претпријатија задолжени за управување со отпад на територија на локалната самоуправа.

## Член 36

Секој од договарачите е должен веднаш да ја извести другата страна во случај на промена на називот на фирмата, седиштето, електронското сандаче или друга промена во трговскиот регистар од значење за соработката при реализацијата на овој Договор.

## Член 37

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, Законот за управување со отпадот, Законот за облигационите односи други закони и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

При реализацијата на преземените обврски со овој Договор, договорните страни ќе ги почитуваат позитивните законски прописи без оглед дали тие се донесени пред или по потпишувањето и заверката на овој Договор од двете договорни страни.

## Член 38

Договорот е составен во 6 (шест) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја од договорните страни.

## Член 39

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни ќе се обидат спорот да го решат спогодбено со меѓусебни преговори, а доколку во тоа не успеат надлежен за решавање на спорот ќе биде Основниот граѓански суд Скопје.

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

Колективен постапувач
За ЕКОН ЕЛЕКТРОН ДОО Скопје
Управител
Панче Ангелов

Јавно Комунално претпријатие
Комуналец – Крива Паланка
Управител
Миле Марковски

За Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје
0303-1171
19.07.22
Скопје

# ДОГОВОР

## ЗА СОРАБОТКА И ПОДРШКА ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ПОСЕБНИТЕ ТЕКОВИ НА ОТПАД НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-2616/1
19.07

Склучен на 19.07.2022 год. помеѓу следните договорни страни:

1. **Друштво за управување со отпадна електрична и електронска опрема ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје**, ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 98-1/13 – Скопје, ЕМБС 6994377, ЕДБ 4057014527121, електронско сандаче: elkolekt@gmail.com застапувано од управителот Фана Христовска од Скопје, од една страна како КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ и

2. **Општина Крива Паланка**, ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175, ЕМБС 5992958, електронско сандаче: opkp@krivapalanka.gov.mk застапувано од градоначалник Сашко Митовски, од друга страна.

3. **ЈП Комуналец**, ул. Илинденска, бр.17 ЕМБС 4027035, електронско сандаче:jpkomunaleckp@yahoo.com, застапувано од управител Миле Марковски од Крива Паланка, од третата страна.

Термините кои се употребуваат во овој договор согласно законската регулатива го имаат следното значење:

**КОЛЕКТИВЕН ПОСТАПУВАЧ** согласно член 5, став 1, точка 2 од Законот за проширена одговорност на производителот (Сл. Весник на РСМ бр. 216/2021) (во понатамошен текст ЗПОП) е правно лице, основано од најмалку два производители, кое поседува дозвола за колективен постапувач за управување со посебен тек на отпад издадена од стручниот орган согласно со одредбите од овој закон, како и прописот, кој го уредува управувањето со тој тек на отпад и кое во име на производителите, кои се членови или основачи на колективниот постапувач, за определен надоместок, ги презема нивните обврски за проширена одговорност, кои се однесуваат на управување со посебни текови на отпад. Колективниот постапувач во своето работење при управувањето со посебните текови на отпад ги применува одредбите од овој закон, како и одредбите од прописите за управување со отпад и прописите за посебните текови на отпад.

**ДОГОВОРЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ** согласно член 5, став 1 точка 6 од ЗПОП е производител кој има договор со колективен постапувач, кој во негово име и за негова сметка, ги презема и спроведува обврските за проширена одговорност, кои се однесуваат на управување со посебните текови на отпад. Договорниот производител не е целосно ослободен од спроведување на обврските за проширена одговорност согласно Законот за проширена одговорност и прописите за посебните текови на отпад.

**ПРОШИРЕНА ОДГОВОРНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ** согласно член 5, став 1, точка 1 од ЗПОП е збир на правила и постапки за производителите, кои со вршење на својата дејност или активност пласираат одделни производи на пазарот, со чија употреба се создава отпад што припаѓа на посебните текови на отпад и со тоа дополнително ја оптоваруваат животната средина, поради што имаат обврска да финансираат и преземаат дополнителни мерки на грижа за производите по завршувањето на фазата на консумирање, како и мерки на управување, кои особено се однесуваат на воспоставување и организирање на систем за собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебните текови на отпад создаден од неговите производи.

**„ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА"** согласно членот 7, став 1, точка 1 од Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (Службен Весник на РСМ Бр. 176/21) (во понатамошен текст ЗУОЕЕО) е опрема чијашто правилна работа зависи од електрична струја или електромагнетни полиња, како и опрема што е наменета за производство, пренос и мерење на тие струи и полиња, класифицирани во една од

категориите од членот 5 став (1) од овој закон и е наменета за употреба под напон кој не надминува 1.000 волти за наизменична струја и 1.500 волти за еднонасочна струја.

„**ОТПАДНА ЕЛЕКТРИЧНА И ЕЛЕКТРОНСКА ОПРЕМА**" согласно членот 7, став 1, точка 2 од ЗУОЕЕО е отпад од електрична и електронска опрема во согласаност со прописите за управување со отпадот вклучувајќи ги сите составни делови, потсклопови и потрошни делови и материјали кои се дел од производот во моментот на исфрлање.

**ДОГОВОРЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ/ПРОИЗВОДИТЕЛ** согласно членот 5, став 1, точка 6, од ЗПОП е правно или физичко лице, кое пакува стоки или полни стоки во пакувања, како и произведува или пушта во слободен промет стоки спакувани во пакувања, како своја дејност, вклучувајќи го и производителот, кој како краен корисник пушта во слободен промет спакувана стока.

**УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕБЕН ТЕК НА ОТПАД** согласно членот 5, став 1, точка 12 од ЗПОП ја опфаќа дејноста на колективниот постапувач, што вклучува збир на активности на водење на евиденција за количините на производите, што се пуштаат на пазарот и на отпадот што се создава од нивната употреба, за кој е одговорен, како и организација на операции за собирање, транспортирање, складирање, повторна употреба, преработка, рециклирање и отстранување на посебен тек на отпад, вклучувајќи ја и обврската за грижа, дека овие операции се спроведуваат согласно со прописите од обласа на управување со отпадот, вклучително и спроведување на активности за информирање и подигнување на јавната свест за постапување со посебниот тек на отпад.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Договорните страни се согласни да секој во рамките на своите права и обврски утврдени во законските одредби да заеднички се организираат и преземат активности за имплементација и воспоставување на интегрален одржлив систем на управување со посебните текови на отпад на територијата на Општина Крива Паланка.

### Член 2

Овој Договор се склучува согласно одредбите од член 20 од ЗПОП за управување со посебните текови на отпад како и во согласност со Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема и Законот за управување со отпадот.

### Член 3

Општина Крива Паланка може да ги остварува обврските на проширена одговорност со склучување на договор со повеќе колективни постапувач, со цел воспоставување на организиран интегрален и одржлив систем на управување со отпад од електрична и електронска опрема.

## ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Предмет на овој Договор е регулирање на правата и обврските на договорните страни согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад и Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема.

### Член 5

Согласно Член 11 од ЗПОП, колективниот постапувач има обврска да дава подршка и остварува соработка со Општината/Градот Скопје/Општината во Градот Скопје и регионалните системи за управување со отпад заради собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на посебниот тек на отпад, а во насока на остварување на националните цели согласно членот 13 од овој закон.

Колективниот постапувач е должен, да дава подршка и соработува со Општината/Градот Скопје/Општината во Градот Скопје и регионалните системи за управување со отпад заради преземање на заеднички мерки и активности кои имаат за цел поттикнување на одделно

собирање на отпадна електрична и електронска опрема, како и да воспостават собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадната опрема заради повторна употреба, преработка и рециклирање.

Член 6

При исполнувањето на своите договорни обврски, договорните страни ќе се водат од националните целите за управување со отпад утврдени со ЗПОП.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОЛЕКТИВНИОТ ПОСТАПУВАЧ

Член 7

Колективниот постапувач и има дадено на користење на Општина Крива Паланка опрема за примарна селекција на отпадна електрична и електронска опрема и тоа: 1 еко магацин.

Колективниот постапувач е должен преземањето и транспортот на собраната отпадна елктрична и електронска опрема од инфраструктурата или собирните центри во Општина Крива Паланка согласно член 29 став 1 од ЗПОП да го довери само на правно лице кое има важечка дозвола за транспорт на отпадна електрична и електронска опрема издадена согласно прописите за управување со отпад.

Член 8

Колективниот постапувач може да учествува со целосно или делумно финансирање на собирниот центар односно инфраструктурата, како и да соработува со друг колективен постапувач, како и да соработува со давателот на услуга кој согласно Законот за управување со отпадот е овластен за давање на јавна услуга за собирање на отпад од домаќинствата на подрачјето на Општината, или на подрачјето на одделен регион согласно член 42 став 3 ЗПОП.

Член 9

Преземените обврски за постапување со отпадна опрема колективниот постапувач ги доверува на физички и правни лица кои имаат соодветни дозволи издадени од надлежни државни органи.

Член 10

Колективниот постапувач е должен да и овозможи на Општина Крива Паланка целосен увид во својата документација како и исполнувањето на обврските кои се однесуваат на управувањето со отпадната опрема и обратно.

Член 11

Колективниот постапувач заедно со Општина Крива Паланка се должни да ја информираат јавноста и крајните корисници за:

- забраната за оставање на отпадната опрема како несортиран комунален отпад и за обврската за одделно собирање на отпадната опрема;
- воспоставените системи на преземање и собирање на отпадната опрема кои им се на располагање;
- начинот на нивното придонесување за повторна употреба, рециклирање и друг начин на преработка;
- можните негативни влијанија и последици врз здравјето на луѓето и животната средина како резултат на присуството на опасни супстанции во опремата, како и
- други законски обврски за информирање.

Член 12

Колективниот постапувач за отпадна електрична и елелктронска опрема е должен да преземе мерки и активности за поддршка на единиците за локална самоуправа за воспоставување на собирни центри, собирни места и друга инфраструктура за одделно собирање на отпадна електрична и електронска опрема на места каде што крајните корисници можат бесплатно да ја остават истата.

Во исполнување на обврската, колективниот постапувач може да учествува со целосно или делумно финансирање на собирниот центар односно инфраструктурата, да соработува со друг колективен постапувач, како и да соработува со давателот на услуга кој согласно со Закон за управување со отпадот е овластен за давање на јавна услуга за собирање на отпад од домаќинствата на подрачјето на општината

Местата каде што ќе бидат поставени собирните места, собирните центри и другата инфраструктура, целите кои треба да се постигнат и тоа; најмалку во однос на количината на собрани отпадни производи, а кога е можно и цели за преработка и рециклирање, начинот на евидентирање на количините и известување, како и утврдување на меѓусебните обврски за исполнување на целите ќе бидат определени од посебна работна група составена од претставници на: единицата на локалната самоуправ, колективните постапувачи и јавното комунално претпријатие. Сето ова е со цел подетално инкорпорирање на сите колективни постапувачи во заеднички систем на локалната самоуправа и комуналните и останатите претпријатија вклучени во оваа проблематика.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

### Член 13

Општина Крива Паланка нема да склучи јавна набавка со производител без истиот да достави потврда за исполнување на проширената одговорност за управување со отпадна електрична и електронска опрема и докаже дека, најмалку за предходната година, ги спровел во целост обврските за проширена одговорност согласно член 18 став (11) од ЗПОП за управување со посебните текови на отпад, како и прописите за управување со посебните текови на отпад..

### Член 14

Општина Крива Паланка треба да му овозможи на колективниот постапувач, преземање и транспорт на собраната отпадна опрема од инфраструктурата дадена на користење од страна на колективниот постапувач и собирните центри на Општината.

### Член 15

Градоначалникот на Општина Крива Паланка е одговорен и должен да преземе мерки и активности со цел исполнување на националните цели сразмерно на уделот на количината и видот на отпад што се создава од подрачјето на Општината согласно член 29 став (1) ЗПОП.

### Член 16

Општина Крива Паланка е должен/а да ги остварува целите за имплементирање на проширена одговорност за управување со отпадна електрична и електронска опрема поради потребата од исполнување на националните цели за собирање, преработка и рециклирање на отпадна опрема.

### Член 17

Градоначалникот на Општина Крива Паланка, е одговорен и должен да преземе мерки и активности за воспоставување на собирни центри, собирни места и друга инфраструктура за отпадна електрична и елеткронска опрема.

Градоначалникот на Општина Крива Паланка е должен да учествува во исполнување на националните цели преку доставување на транспортни и идентификациони формулари согласно законот, сразмерно на уделот на количината и видот на отпад што се создава од подрачјето на Општината.

Местата каде ќе бидат поставени собирните центри, собирните места и другата инфраструктура, целите кои треба да се постигнат и тоа, најмалку во однос на количината на собрани отпадни производи, а кога е можно и цели за преработка и рециклирање, начинот на евидентирање на количините и известување, како и утврдување на меѓусебните обврски за исполнување на целите ќе бидат определени од посебна работна група составена од претставници на: единицата на локалната самоуправа, колективните постапувачи и јавното комунално претпријатие. Сето ова е со цел подетално инкорпорирање на сите колективни постапувачи во заеднички систем на

локалната самоуправа и комуналните и останатите претпријатија вклучени во оваа проблематика.

Градоначалникот може да побара два или повеќе колективни постапувачи да соработуваат и заеднички да спроведат активности или да воспостават собирни центри и друга инфраструктура за одделно собирање на посебни текови на отпад, како и заеднички да ги утврдат целите кои треба да се постигнат во однос на количините на собрана отпадна електрична и електронска опрема односно количините на преработена или рециклирана отпадна опрема.

Собраната количина на отпадна опрема од заедничките собирни центри, односно инфраструктура се распоредува и евидентира согласно со уделот на пазар за секој колективен постапувач во тековната година.

Член 18

Општина Крива Паланка е должен/а редовно да ја следи работата на Јавното Комунално Претпријатие задолжено за управување со различни текови на отпад во поглед на исполнувањето на неговите обврски за управувањето со отпадната опрема согласно законските прописи заедно со Колективниот постапувач.

Општина Крива Паланка е должен/а редовно да ја одржува и контролира функционалноста на урбаната опрема поставена во собирните центри, собирните места и другата инфраструктура поставена за остварување на целите на воспоставување на интегрален и одржлив систем на управување со електричен и електронски отпад.

## ОБВРСКА ЗА ЧУВАЊЕ ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 19

Општина Крива Паланка е должен/на договорот да го направи достапен до јавноста преку објавување на истиот на веб-страницата на градот/општината.

Колективниот постапувач е должен договорот да го направи достапен до јавноста преку објавување на истиот на неговата веб-страница.

Член 20

Договорните страни се согласни информациите и податоците кои ги обезбедиле или до кои дошле при реализацијата на овој Договор, месечните и годишни извештаи, податоците добиени со ревизијата и сите други информации и податоци при исполнувањето на меѓусебните права и обврски, во рамки на правата и обврските дефинирани со законите на кои се заснова овој Договор да бидат меѓусебно достапни.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 21

Овој Договор се склучува на за период од најмалку една година. Доколку овој Договор не биде раскинат до крајот на една календарска година, неговата важност се продолжува и за целата следна календарска година.

Член 22

Во случај кога една од договорните страни не е задоволна од соработката може на другата договорна страна да и достави писмено известување со објаснување за забелешките на работата при што ќе бара исправка на неправилностите во разумен временски рок.

Член 23

Во случај на раскинување на овој Договор, сите страни се должени да ги подмират своите настанати финансиски обврски до денот на раскинувањето на истиот.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Промени на овој Договор може да се прават само со анекс потпишан и заверен од двете договорни страни.

Обврската за спроведување на овој Договор може да се спроведе и со потпишување на трипартитен договор со јавните претпријатија задолжени за управување со отпад на територија на локалната самоуправа.

Член 25

Секоја договорна страна е должна веднаш да ја извести другата договорна страна во случај на промена на називот на фирмата, седиштето, електронското сандаче или друга промена во трговскиот регистар од значење за соработката при реализацијата на овој Договор.

Член 26

За се што не е предвидено со овој Договор ќе се применуваат одредбите од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад, Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, Законот за управување со отпадот, Законот за облигационите односи други закони и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

При реализацијата на преземените обврски со овој Договор, договорните страни ќе ги почитуваат позитивните законски прописи без оглед дали тие се донесени пред или по потпишувањето и заверката на овој Договор од двете договорни страни.

Член 27

Во случај на спор, договорните страни ќе се обидат спорот да го решат спогодбено а доколку во тоа не успеат надлежен за решавање на спорот ќе биде Основниот граѓански суд Скопје.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

Колективен постапувач
За ЕЛКОЛЕКТ ДОО Скопје
Управител

Фана Христовска

За Општина Крива Паланка
Градоначалник

Сашко Митевски

За Јавно Комунално претпријатие
Комуналец
Управител

Миле Марковски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ
КОМУНАЛЕЦ Ц.О.
КРИВА ПАЛАНКА
Примено на: 14. 09. 2022
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 | 741/1 | | |

08 - 354/1/1
12. 09 2022
КРИВА ПАЛАНКА

532-09/22
14. 09 22

# ДОГОВОР

## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

***Договорни страни:***

1. ***"ЕУРО-ЕКОПАК" ДОО,*** **Скопје,** со седиште на ул. "Лондонска" бр. 19 ТЦ "Тафталице" 1, спрат 3 - 1000 Скопје, со ЕМБС 6704913 (во понатамошниот текст: "***Еуро-Екопак***")

ДБ: MK4006002129387;

**Ж-ска:** 000270000000735438;

**Депонент:** "Халк Банка" АД Скопје;

Застапувано од Управителот: Лука Луковски

2. ***ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА***

ДБ:4015005104833

Ж-ска:738014050963016
**Депонент:** Народна банка на Република Северна Македонија
Застапувано од Градоначалникот: Сашко Митовски и

3. ***ЈП "КОМУНАЛЕЦ" КРИВА ПАЛАНКА*** (во понатамошниот текст: ***ЈП "Комуналец"***)

ДБ: 4015989100976

Ж-ска:240350001318969

**Депонент:** УНИ -Банка
Застапувано од Директорот:

Договорот е склучен **на ден: 12.09. 2022 година**

Предмет на Договорот

Член 1

Предмет на овој договор е уредување и регулирање на меѓусебните права и обврски на *Договорните страни*, за воспоставување на систем за одржливо управување со посебните текови на отпад од пакување на територијата на општина Крива Паланка со воспоставување на собирни центри и локации/пунктови за собирање и селекција на отпад од пакување и за таа цел, доделување на користење на урбана опрема за собирање и селекција, редовно преземање на отпадот од пакување, информирање на јавноста за собирните центри и другите локации/пунктови за преземање на отпадот од пакување и други прашања од заеднички интерес.

Член 2

"*Еуро-Екопак*" се обврзува на *ЈП "Комуналец"* да му додели на користење урбана опрема за собирање и селекција на отпад од пакување за периодот од 2022 до 2026 година.

Динамиката на доделување на урбаната опрема по видот, кубикажата и број е како што следува:

| *Опрема по години* | *Пластичен контејнер со жолта боја за собирање и селекција на ПЕТ и лименки* | *Пластичен контејнер со плава боја за собирање хартија и композит* | *Пластичен контејнер од 1,5 или 2 $m^3$ типигло со зелена боја за собирање стакло* |
|---|---|---|---|
| 2022 | 7 | 7 | 3 |
| 2023 | 5 | 5 | 1 |
| 2024 | 5 | 5 | 1 |
| 2025 | 3 | 3 | 1 |
| 2026 | 3 | 3 | 1 |

Член 3

"*Еуро-Екопак*" може да зависно од остварената динамика на количините на собран и селектиран отпад од пакување од урбаната опрема прикажана во табелата, може да го намали бројот на испорачана урбана опрема или да испорача и дополнителна урбана опрема согласно остварените резултати од користењето на урбаната опрема од членовите 1 и 2 на овој договор.

*ЈП "Комуналец"* се обврзува да води грижа односно домаќински да се грижи за доделената урбана опрема за собирање и селекција на отпадот од пакување и да ја одржува во функционална состојба.

Член 4

Доделената урбана опрема за собирање и селекција на отпадот од пакување од членовите 1 и 2 на овој договор ќе се постави на локации определени од страна на *ЈП "Комуналец"* и стручниот тим на *"Еуро-Екопак"* и согласно Решението за определување на собирни места и локации/пунктови за поставување на урбана опрема донесено од надлежната служба за урбанизам на општината и ***Градоначалникот на Крива Паланка.***

Член 5

Празнење и транспортирање на отпадот од пакување ќе го врши ***ЈП "Комуналец"***, како правен субјект овластен за собирање и транспортирање на отпадот на подрачјето на општина Крива Паланка.

Член 6

***Договорните страни*** ќе ги следат остварените количини на собран и селектиран отпад од пакување и на таа основа ќе се носат понатамошните одлуки и решенија.

Основа за утврдување на динамиката на собирање и селекција на отпадот од пакување на ниво на подрачјето на општина Крива Паланка ќе биде Програмата за управување со отпад на општината и Регионалниот план за управување со отпад, а во насока на остварување на утврдените национални цели на *"Еуро-Екопак"*, по видови и количина на отпад од пакување за разните фракции утврдени со позитивнте законски прописи во оваа област.

Член 7

***Договорните страни*** се согласни да количините на собран и селектиран отпад, од пакување од доделената урбана опрема, согласно членовите 1 и 2 од овој договор да се евидентираат и доставуваат месечно во утврдената форма на транспортни формулари од страна на *ЈП "Комуналец"* до *"Еуро-Екопак"*.

***Договорните страни*** ќе прават квартален пресек на остварените резултати и на реализираните операциите на собирање, транспортирање, складирање, повторна употреба, преработка, рециклирање и отстранување на посебните текови на отпад од пакување во собирниот центар и локации/пунктови, со цел да се превземат навремени мерки за остварување на што поголем процент на селекција и рециклирање на

комуналниот цврст отпад, што се генерира на годишно ниво, согласно усвоените општински и регионални плански документи.

Член 8

***Договорните страни*** се согласни да учествуваат во кампањи за подигање на јавната свест, а во врска со остварување на целите и придобивките од собирањето и селекцијата на отпадот од пакување и правилното постапување со истиот, односно неговата преработка и рециклирање.

Член 9

Во случај на потпишување на договори и со други колективни постапувачи од отпад од пакување *ЈП* ***"Комуналец"*** се задолжува да води евиденција за собраниот отпад од пакување, за секој колективен постапувач поделено.

Согласно собраните и селектирани количини на отпад од пакување, од страна на *ЈП* ***"Комуналец"*** истите ќе бидат основа за евидентирање на соодветниот управувачки систем на секој од колективните постапувачи поодделно.

Заврши одредби

Член 10

Во случај да *ЈП* ***"Комуналец"*** да не е во можност да врши сервисирање на урбаната опрема и собирање на отпадот од пакување, од било која причина, се обврзува за тоа веднаш да го извести ***"Еуро-Екопак"***.
Во таков случај ***Договорните страни*** ќе бараат излезно решение во рамки на опциите кои им се на располагање, се до повторно превземање на сервисната услуга од страна на *ЈП* ***"Комуналец"***

Член 11

Доколку не се исполнуваат обврските од член 6 од овој договор или доколку се констатира, дека не се води доволно грижа за одстапената урбана опрема, ***Договорните страни*** ќе ги разгледаат причините и опциите и ќе бараат излезно решение, а во случај да не постои излезно решение ќе започнат постапка за раскинување на потпишаните договори.

Член 12

***Договорните страни*** се согласни преку своите службени страници и јавни гласила да ја информираат јавноста за собирните центри односно микролокациите опремени со урбана

опрема за собирање и селектирање на отпад од пакување, како и за начинот на функционирање на собирните центри и пунктови.

Член 13

Секој спор што ќе произлезе во врска со овој договор, ***Договорните страни*** ќе се обидат да го разрешат спогодбено со меѓусебни преговори.

Воколку договорните страни спорот не го решат спогодбено, надлежен за решавање е Основниот суд Скопје.

Член 14

Овој Договор се склучува со времетраење од 5 (пет) години односно за период од 2022 до 2026 година, со можност за негово продолжување согласно одлука на ***Договорните страни.***

Член 15

Договорот е составен во 6 (шест) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја од ***Договорните страни.***

ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

Колективен постапувач

За ЕУРО ЕКОПАК ДОО Скопје

Управител

Лука Луковски

За Општина Крива Паланка

Градоначалник

Сашко Митевски

За Јавно Комунално претпријатие

Комуналец-Крива Паланка

Управител

Миле Марковски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ "КОМУНАЛЕЦ" Ц.О.
Бр. 09-197/1
28.02.2019 год.
КРИВА ПАЛАНКА

15.3.19

Бр. 03-1828
06.03.19

# ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА САДОВИ ЗА СОБИРАЊЕ НА ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Склучен во Скопје, на ден 01.03.2019 година помеѓу договорните страни

1.Друштво за управување со пакување и отпад од пакување **ПАКОМАК ДОО Скопје**, со ЕДБ 4057010510526 и ЕМБС 6659845 и со седиште на ул.Партизански Одреди, Порта Влае блок 4 Скопје, застапувано од управителот **Филип Ивановски** (во понатамошниот текст- Давател на опремата), од една страна и

**2. ЈПКУ КОМУНАЛЕЦ Крива Паланка,** со ЕМБС 4027035 и ЕДБ 4015989100876 со седиште на ул. Илинденска бр.17 Крива Паланка застапувано од директорот Миле Марковски (во понатамошниот текст - Корисник на опремата), контакт тел. 078 354 992, контакт email jpkomunaleckp@yahoo, од друга страна

## Член 1

Предмет на овој договор претставува регулирањето на правата и обврските на договорните страни во врска со користењето на садови за собирање на отпад од пакување, односно :

- пет (5) пластични зелени контејнери тип игло од 2 $m^3$ за собирање на стаклен отпад од пакување;

## Член 2

ПАКОМАК ДОО Скопје, е сопственик на подвижните ствари односно специјализираната опрема за селективно собирање на отпад од пакување, утврдени во членот 1 на овој договор, кои согласно истиот ќе му бидат дадени на користење на корисникот на опремата и ќе бидат користени по однапред утврдени локации.

## Член 3

Давателот на опремата е должен да ги предаде на Корисникот на опремата подвижните ствари утврдени во чл.1 на овој договор и на истите да постави табли/налепници со логото на давател на опремата.

Доколку Корисникот на опремата ја напушти управувачкта шема на отпад од пакување со која управува ПАКОМАК ДОО, давателот на опремта го задржува правото да ги повлече стварите од локациите на примателот.
Доколку при контрола на опремата дадена на користење, извршена од страна на ПАКОМАК ДОО е констатирана ненаменска употреба на специјализираните садови, ПАКОМАК ДОО го задржува правото да ја повлече опремата од локациите на Корисникот на опремата утврдена во чл.1, веднаш.
Доколку подвижните ствари се оштетени и не можат да ја вршат функцијата за која се наменети, ПАКОМАК ДОО го задржува правото да ги наплати истите во вредност согласно износот добиен од извршена проценка на штета.
Корисникот на опремата се обврзува собраните количини на отпад од пакување, да ги евидентира само во управувачкиот систем со отпад од пакување на ПАКОМАК ДОО.
Корисникот на опремата се обврзува да ја евидентира реалната бројна состојба на специјализираната опрема дадена на користење од страна на ПАКОМАК во соодветна годишна пописна листа на крајот на календарската година и истата да биде доставена до ПАКОМАК ДОО.

**Член 4**

За подвижните ствари, утврдени во член 1 на овој договор, корисникот на опремата е согласен да потпише потврда за прием (испратница) на подвижните ствари и истата да му ја предаде на давателот на опремата.
Овој Договор се склучува за неопределено време и истиот може да биде раскинат по барање на било која странка со писмено известување испратено до другата договорена страна во рок од 15 дена пред денот на раскинување.

**Член 5**

Сите евентуални спорови, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку тоа не е можно ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

**Член 6**

Можните измени настанати по склучување на овој договор, договорните страни ќе ги договараат спогодбено и писмено ќе ги приклучат кон овој договор со анекс-договор.

**Член 7**

За се што не е предвидено со овој договор, дооворните страни се согласни да важат одредбите од Законот за облигациони односи и другите важечки одредби од позитивното македонско право.

**Член 8**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои 2 (два) за ПАКОМАК ДОО Скопје и 2 (два) за корисникот на опремата.

| | |
|---|---|
| ПАКОМАК ДОО Скопје | ЈПКУ КОМУНАЛЕЦ Крива Паланка |
| Управител | Миле Марковски |

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување
ПАКОМАК ДОО
Бр. 03-6462
31. 10. 2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-4977/1
19.10 2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА

Склучен на ден ____________ 2023 година, во Скопје помеѓу:

1. Друштво за управување со пакување и отпад од пакување "ПАКОМАК" ДОО Скопје со седиште на бул.Партизански одреди , Порта Влае, блок 4,Скопје, со ЕДБ :MK4057010510526 застапувано од управителот Филип Ивановски
и
2. Општина Крива Паланка со седиште на ул.Св. Јоаким Осоговски бр. 175, Крива Паланка, со ЕДБ: МК 4015005104833 застапувана од Градоначалник Сашко Митовски

Пакомак, како компанија чија основна дејност е управување со пакување и отпад од пакување заедно со општина Крива Паланка , го утврдија следното:

**Цели на соработката**

Член 1

- Воспоставување меѓусебна соработка околу проект од јавен интерес на ПАКОМАК ДОО во партнерство со Швајцарската амбасада во РСМ и тоа – Smart систем за управување со отпад од пакување;
- Создавање на навики кај населението за селектираното собирање на отпадот од пакување и негово рециклирање;
- Подигнување на еколошката свест за придобивките од селектираното собирање на отпадот и бенефитите од истото во насока на заштитата и унапредувањето на животната средина;
- Економски бенефит за граѓаните преку собирање на „зелени поени„ кои ќе се трансферираат во парична вредност и ќе се користат за ваучери за купување на производи;
- Намалување на количините на отпад од пакување кој завршува на јавен простор на територија на општината а со тоа и намалување на трошокот на општината за собирање на истиот;
- Помагање во одржување на еколошки чиста општина.

Активности за остварување на соработката

Член 2

ПАКОМАК ДОО ќе постави 1 (една) повратна вендинг машина на територија на општина Крива Паланка со намена за собирање на пластични шишиња и алуминиумски лименки најдоцна до 15.11. 2023 год.

При користењето на повратната вендинг машина од страна на корисниците, за секое поединечно користење ќе се акумулираат „зелени поени„ на мобилна апликација.

1 (еден) „зелен поен„ кој ќе се доделува за собрано 1(едно) ПЕТ шише или 1(една) лименка ќе има парична вредност од 0,5 МКД .

Акумулираната парична вредност на мобилната апликација корисниците ќе може да ја користат за ваучери за купување на производи.

Локациите на кои ќе биде поставена повратната вендинг машина во општина Крива Паланка ја одредува Пакомак и ќе биде дополнително дефинирана за што ќе биде склучен договор за соработка со избраниот правен субјект.

Член 3

Обврската и трошоците за поставување на повратната вендинг машина е на ПАКОМАК ДОО.

Поставената повратна вендинг машина е во сопственост на ПАКОМАК ДОО и единствено ПАКОМАК ДОО се грижи за нејзиното поставување и отстранување како и одржување и сервисирање на истата.

ПАКОМАК ДОО се обврзува да организира одговорно и навремено собирање и транспорт на содржината/количините на собрани пластични шишиња и лименки во повратната вендинг машина и нивна испорка до крајниот поседувач / извозникот и да работи на заеднички маркетинг активности во врска со овој проект заедно со општина Крива Паланка КОМАК ДОО е согласен за достава на информација до општина Крива Паланка за вкупната количина на собрана амбалажа - пластични шишиња / лименки на месечно ниво.

Член 4

Општина Крива Паланка ќе презема активности за поддршка и координација со сите чинители во процесот на локално ниво, како и ќе учествува во заеднички маркетинг активности со ПАКОМАК ДОО, со цел ефикасно реализирање на целите на договорот за соработка.

Член 5

ПАКОМАК ДОО ќе партиципира во трошоците за реализација на проектот „Smart систем за управување со отпад од пакување односно ќе го преземе финасирањето на зелените поени доделени на граѓаните за користењето на повратната вендинг машина поставена на територија на општина Крива Паланка , и тоа во износ од 0,5 денари за 1 (еден) зелен поен, во периодот од склучувањето на овој договор заклучно до 31.12.2023 година.

ПАКОМАК ДОО најдоцна до 31.12.2023 год. ќе достави до општина Крива Паланка Извештај за вкупниот број на доделени зелени поени во периодот од денот на склучување на овој договор заклучно со 31.12.2023 година.

Општина Крива Паланка ќе партиципира во трошоците за реализација на проектот „Smart систем за управување со отпад од пакување „ односно ќе го преземе финасирањето на зелените поени доделени на граѓаните за користењето на повратната вендинг машина поставена на територија на општина Крива Паланка, почнувајќи од 01.01.2024 година, и тоа во износ од 0,5 денари за 1 (еден) зелен поен, преку донирање на финансиски средства на ПАКОМАК ДОО за што ќе биде склучен посебен Договор за донација.

Почнувајќи од 01.01.2024 година ПАКОМАК ДОО ќе доставува до општина Крива Паланка квартални Извештаи за вкупниот број на доделени зелени поени и тоа: .

- Најдоцна до 15.04. во тековната година за период Јануари-Март;
- Најдоцна до 15.07. во тековната година за период Април-Јуни;
- Најдоцна до 15.10. во тековната година за период Јули- Септември;
- Најдоцна до 31.12. во тековната година за период Октомври – Декември.

Член 6

ПАКОМАК ДОО се обврзува паричниот износ дониран од страна на општина Крива Паланка да го користи за доделување на „зелени поени„ при користење на повратната вендинг машина и тоа во парична вредност на истите дефинирана во ст. 3 од чл. 2 на овој договор.

Член 7

Овој договор се склучува за времетраење од 4 (четири) години и истиот стапува на сила од денот на потпшувањето.

Договорните страни имаат право на еднострано раскинување на овој договор со доставување на писмено известување до другата договорна страна најмалку 30 ( триесет) дена пред бараниот раскин.

Член 8

Договорните страни можат да вршат измени и дополнувања на овој договор со нивна согласност и кога постои заеднички интерес.

Измените и дополнувањата ќе се вршат со Анекс кон овој договор во времето на неговата важност.

Анекс договорот ќе произведува правни дејствија ако истиот е потпишан од договорните страни.

Член 9

Сите евентуални спорни прашања што ќе произлезат од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку тоа не е можно во тој случај надлежен ќе биде месно и стварно надлежниот суд.

Член 10

Секоја договорна страна со потпишувањето на овој Договор и гарантира на другата договорна страна дека:

- постапува во согласност со сите применливи закони за спречување поткуп и корупција, прописи, стандарди и други правни услови;
- директор, вработен или претставник на секоја од договорните страна не смее да нуди, ветува, дава или наддава ништо вредносно (финансиско или друго) за да поттикне незаконско дејство или прекршување доверба за несоодветно влијание врз акт или одлука на претставник на другата страна прекршувајќи ги применливите закони кои се однесуваат на спречување поткуп и антикорупција;
- во извршувањето на своите обврски превземени со Договорот, секоја договорна страна е должна да се придружува кон сите применливи закони за спречување поткуп и корупција.

Член 11

За се што не е предвидено со овој Договор важат одредбите од Законот за облигациони односи како и другите позитивни прописи кои ја регулираат оваа материја.

Член 12

Овој договор е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои 2 (два) за секоја од договорните страни.

**ПАКОМАК ДОО Скопје**

**Управител**

**Филип Ивановски**

**Општина Крива Паланка**

**Градоначалник**

**Сашко Митовски**

Друштво за управување со отпад
НУЛА ОТПАД ДОО
Бр. 03-980/1
28.10.2022
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-4400/1
10-11 2022 год
КРИВА ПАЛАНКА

Согласно член 33 од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (Сл. Весник на РСМ бр. 176/2021) и согласно член 42 став 4 од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад (Сл.Весник на РСМбр.215/2021) на ден 28.10.2022 година склучен е

## ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА
## ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ОТПАДНИ БАТЕРИИ И АКУМУЛАТОРИ

Помеѓу:

1. НУЛА ОТПАД ДОО Скопје, со седиште на ул. Јосиф Јосифовски Свештарот бр. 37/2, 1000 Скопје

ЕДБ: 4032012518645
Ж-сметка:200002491423070
Депонент на: Стопанска Банка АД Скопје
Застапувано од управителот Марјанчо Дамески, во понатамошниот текст како НУЛА ОТПАД ДОО Скопје

**2. Општина Крива Паланка**,
Градоначалник на Општина Сашко Митовски
ЕДБ: 4015005104833
ж-ска: 100-0000000630-95
Депонент: НБРМ

НУЛА ОТПАД ДОО Скопје е правно лице кое согласно Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад е регистрирано како колективен постапувач за управување со отпадни батерии и акумулатори согласно Решение УП1-11/2-1998/2021 издадена од Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Член 1**

Предмет на овој Договор е соработка за ефикасно организирање на собирање на отпадот од батерии и акумулатори.

**Член 2**

Согласно овој Договор, двете договорни страни се должни преку взаемната соработка да создадат ефикасен и економски одржлив систем за собирање, селектирање, рециклирање, преработка и отстранување на отпадот од батерии и акумулатори на подрачјето (територија) на Општината Крива Паланка.

**Член 3**

Двете страни се обврзуваат дека согласно *Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори* ќе соработуваат на проекти од взаемен интерес со цел обезбедување собирни места и центри кои ќе бидат уредени на таков начин што ќе се овозможи крајните корисници да го оставаат отпадот од батерии

и акумулатори и во случај кога превземањето на отпадот од батерии и акумулатори не е обезбедено, непосредно кај крајните корисници или кај последните доставувачи.

**Член 4**

Двете договорни страни се обврзуваат на соодветен начин да ја информираат јавноста и крајните корисници за намената и целите од собирањето како и правилното постапување со отпадот од батерии и акумулатори, можностите за бесплатно предавање и враќање, можностите за рециклирање и преработка на отпадот од батерии и акумулатори, како и за адресите за собирните места и центри во Општината ________ каде што се врши собирање на отпадот од батерии и акумулатори.

**Член 5**

Двете договорни страни се согласни, преку взаемна соработка во областа што претставува предмет на овој Договор да ги исполнат националните цели уредени во член 18 од Законот за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори

**Член 6**

Договорните страни се согласни меѓусебните права и обврски, условите и начинот на воведување на одделното собирање и третман на отпадот од батерии и акумулатори како и видот на отпадот од батерии и акумулатори, видот на системот за собирање, начинот на финансирање и покривање на трошоци како и други прашања од заеднички интерес, детално да ги уредат со Анекс на овој Договор.

**Член 7**

Овој Договор се склучува на неопределено време.

Доколку една од договорните страни сака да го раскине Договорот, должна е да го почитува отказниот рок кој изнесува 60 дена.

**Член 8**

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применуваат позитивните законски прописи.

**Член 9**

Евентуалните спорови помеѓу договорните страни треба да се решаваат на мирен начин, а доколку тоа е невозможно, спорот ќе се решава пред Основен суд Скопје 2, Скопје.

**Член 10**

Договорот е составен во 4 идентични примероци, од кои по два (2) за секоја договорните страни.

***ДОГОВОРНИ СТРАНИ:***

| **НУЛА ОТПАД ДОО Скопје** | **Градоначалник на Општина** |
|---|---|
| НУЛА ОТПАД СКОПЈЕ | РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА |

Друштво за управување со пакување и отпад од пакување
ПАКОМАК ДОО
Бр. 03 - 6463
31. 10. 2023 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08 - 4978/1
19. 10 2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ДОГОВОР ЗА ДОНАЦИЈА

Склучен на ден ________ **2023** година ,помеѓу Договорните страни:

**1. Пакомак Доо Скопје,** со седиште на бул. Партизански одреди Порта Влае блок 4,со ЕДБ 4057010510526, претставувано од управителот Филип Ивановски во понатамошниот текст како Примател на донација

и

**2.** Општина Крива Паланка со седиште на ул.Св. Јоаким Осоговски бр.175, Крива Паланка, со ЕДБ: МК 4015005104833 застапувана од Градоначалник Сашко Митовски во поматамошниот текст како Давател на донација

## Член 1

Предмет на овој Договор е уредување на меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со остварување на донација: парични средства како поддршка на проект од јавен интерес „ Паметно управување со отпад од пакување „.

## Член 2

Давателот на донацијата ќе донира парични средства на Примателот на донацијата со цел поддршка и вклучување на општина Крива Паланка во проектот од јавен интерес „Паметно управување со отпадот од пакување „ со кој преку поставување на повратни вендинг машини за собирање на пластични шишиња и алуминиумски лименки, се поттикнува создавање на навики кај населението за селектираното собирање на отпадот од пакување и негово рециклирање како и подигнување на еколошката свест за бенефитите од селекцијата и рецклирањето во насока на заштитата и унапредувањето на животната средина.

## Член 3

Паричните средства Давателот на донацијата се обврзува да ги донира на квартално ниво, а за секој дониран паричен износ од страна на Давателот на донацијата, Примателот на донацијата се обврзува да потпише потврда за примена донација во која ќе биде содржан износот на финансиските средства кои ги примил како донација.

Паричните средства, давателот на донацијата се обврзува да му ги исплаќа на примателот на донацијата на неговата трансакциска сметка 250001002708705 Депонент Шпаркасе банка.

## Член 4

Примателот на донацијата е должен применатa донација да ја користи само во согласност со намената и целта заради која се дава донацијата.
Донацијата која ја дава Давателот на донацијата не создава директна корист за Давателот на донацијата ниту обврска за враќање на донацијата од страна на Примателот на донацијата.

**Член 5**

Давателот и примателот на донацијата имаат право на даночни поттикнувања предвидени со Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности.

**Член 6**

Договорот за донација и Извештајот задолжително се доставуваат до УЈП, за користење на даночните поттикнувања согласно Законот за донации и за спонзорства на јавните дејности.

Давателот на донацијата согласно Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, ќе поднесе барање до Министерство за правда за издавање на решение со кое се потврдува јавниот интерес за предвидената донација.

**Член 7**

Овој Договор се склучува на неопределено време. Истиот стапува на сила од датумот на негово склучување.

**Член 8**

Страните се согласни дека ќе се обидат да ги решат сите евентуални спорови во врска со овој Договор со меѓусебни преговори.
Доколку преговорите не успеат, надлежен за решавање на споровите помеѓу страните е Основен Суд Скопје 2.

**Член 9**

За сешто не е предвидено во овој Договор, важат одредбите од Законот за облигациони односи и Законот за донации и Спонзорства во јавните дејности.

**Член 10**

Овој Договор е изработен во 2 (два) идентични примероци по 1( еден) за секоја договорна страна.

**Примател на донација**
ПАКОМАК ДОО Скопје
Управител

Филип Ивановски

**Давател на донација**
Општина Крива Паланка
Градоначалник

Сашко Митовски